

ACIBADEM SISTINA

# ПРОСТАТА

## МАЛА ЖЛЕЗДА ГОЛЕМ ПРОБЛЕМ



*Простата е дел од репродуктивниот систем на мажот и затоа грижата за оваа мала жлезда во форма на костен, сместена под бешиката, чија улога е да лачи бистар „сок“ кој е дел од семената течност при ејакулација, е оправдана. На најчесто поставуваните прашања за проблемот со зголемена простата разговаравме со проф. д-р Љупчо Лековски, хирург уролог од Клиничката болница „Аџибадем Систина“.*

### ШТО Е ЗГОЛЕМЕНА ПРОСТАТА И КОЈ МОЖЕ ДА ЗАБОЛИ?

Зголемена простата е состојба која е поврзана со стареењето на мажот. Повеќе од половина од мажите над 60-годишна возраст се соочуваат со овој проблем. Најчесто простатата не покажува никакви симптоми до 40-тата година. Причините не се познати. Се претпоставува дека хормони како што се тестостеронот, дихидратестостеронот (ДХТ) и естрогенот можат да играат голема улога.

### СИМПТОМИ

Вообичаен симптом на зголемена простата е проблем со уринирањето. Мажите кои го имаат овој проблем имаат зачестено мокрење неколкупати во текот на ноќта. Ова е последица на тоа што зголемената простата притиска на мочниот канал кој поминува низ неа. Други проблеми кои се јавуваат како последица на зголемена простата се: првиот млаз при уринирање доаѓа со задоцнување, млаз послаб од вообичаено, чувство дека сте неиспразнати и неможност за мокрење. Потешкотиите при уринирање, разните инфекции, оштетувањето на бубрезите или оштетениот мочен меур можат сериозно да влијаат врз квалитетот на животот на мажот. Во овој случај можат да помогнат лековите, а понекогаш е неопходна и хируршка интервенција.

### ЛЕКУВАЊЕ НА ЗГОЛЕМЕНА ПРОСТАТА

Во лекувањето на зголемена простата има неколку опции. Прво е промена на животните навики, па лекови или хируршка интервенција. Кога лековите не можат да помогнат во подобрувањето на состојбата, се користат разни процедури. Најчестите техники се трансуретрална иглена аблација (TUNA), позната како радиофреквентна аблација и трансуретрална микробранова аблација (TUMT). Најпознатиот хируршки третман е трансуретрална ресекција на простатата или TURP, која се изведува во регионална или општа анестезија. Операцијата се изведува со воведување на инструменти преку мочниот канал со помош на кои се отстрануваат туморот или зголемениот дел на простата. Интервенцијата е минимално инванзивна, нема хируршки резови, со што е скратен болничкиот престој на пациентот и времето на заздравување.

### ПРОМЕНИ ВО ЖИВОТНИТЕ НАВИКИ

Пациентите со зголемена простата се советуваат да намалат со пиење алкохол и кафе, да го намалат внесот на течности попладне и да ги избегнуваат пред спиење. Исто така, не треба да ја задржуваат урината кога им се оди во тоалет, да практикуваат двојно празнење на мочниот меур (празнете го мочниот меур, почекајте малку, потоа обидете се повторно да се испразните).

### ДАЛИ ЗГОЛЕМЕНАТА ПРОСТАТА Е КАНЦЕР?

Симптомите на зголемената простата се многу слични со симптомите кои ги дава карциномот на простата. Но, за среќа, зголемувањето на простатата е многу почеста појава од карциномот и доколку ја имате не значи дека имате опасност од канцер.

### ЗГОЛЕМЕНАТА ПРОСТАТА И КВАЛИТЕТОТ НА СЕКСУАЛНИОТ ЖИВОТ

Мажите со посериозни симптоми на зголемена простата можат да имаат попречувања во сексуалниот живот. Некои од лековите за лекување на зголемена простата имаат негативно влијание врз ерекцијата и ејакулацијата. Денеска постојат разни опции за лекување на оваа состојба и подобрување на квалитетот на животот. Најважно од сè е да посетите доктор во моментот кога ќе ги забележите првите симптоми.

call center
02 3099 500
www.acibademsistina.mk